**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/15
Скопје, 31 март 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Триесет и втората седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 31 март 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 31 март 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 31 март 2020 година."

Прилог:
- Записник од ГККШ

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
- Стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Ирма Мандева
Проверил: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје - Shkup

| Примено: E pranuar: | 31.03.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlerë: |
| 44 | 2282/15 | 0 | |


Република Северна Македонија

ИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 31 март 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено. E pranuar | 1 -0?- 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 44 | 2282/15 | | |


Архивски број: 08-780/15

**З А П И С Н И К**

**од Петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 31 март 2020 година**

На 31 март 2020 година (вторник), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше заменикот на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.



Канцеларија на Претседателот на Владата на
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS
[1] 44-2282/15 [2020]

На состанокот присуствуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танаскоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Тоше Зафиров, советник на Претседателот на Република Северна Македонија и Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваа Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Наќе Чулев, министер за внатрешни работи.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **<u>се утврди следниот Дневниот ред:</u>**

**<u>Точка 1:</u>** Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**<u>Точка 2:</u>** Прашања и предлози

*

* *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, сите членови на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**<u>По однос на точката 1 од Дневниот ред,</u>** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб во однос на текот и прогресот на активностите преземни на дневна основа во врска со билатералните и мултилатералните донаторски кореспонденции наменети за справување со Коронавирусот и јавените потреби од институциите.

Министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб во однос на софтверското решение кое е користено во Сингапур и во други развиени земји, наменето за контрола на лицата кои се во самоизолација, а се нуди на користење на земјите од Западен Блакан.

Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица го разгледаа Списокот со потреби и проблеми за решавање во кризните подрачја во општините Дебар и Центар Жупа, доставено од директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку.

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, информираше дека во текот на вчерашниот ден е остварена телефонска комуникација со министерот за надворешни работи на Република Албанија, во врска со иницијативата за упатување на помош од медицински лица и персонал за потребите на Република Италија.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Министерството за информатичко општество и администрација да ја забрза постапката со издавање на дозволи за движење на членови на оперативниот штаб, вклучително и за лица од Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.**

2. **Државниот санитарен и здравствен инспекторат веднаш, во текот на денешниот ден да испрати допис до директорите на сите јавни здравствени установи во Република Северна Македонија со кој ќе најават засилени инспекциски надзори во сите здравствени установи на територијата на Република Северна Македонија за тоа дали се почитуваат наредбите и протоколите од Министерството за здравство, особено во делот на задолжително носење на заштитна опрема за време на извршување на работата и доколку се констатирани непочитувања од страна на здравствените работници, истите и директорите на јавните здравствени установи да бидат соодветно санкционирани.**

3. **Во однос на заклучокот под реден број 6 од Четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 30 март 2020 година, Управата за извршување на санкции во рок од три дена Главниот координативен кризен штаб да го информира за воспоставениот план и начин на работа во казнено поправните установи во Република Северна Македонија, во функција на почитување и спроведување на сите донесени одлуки, мерки и препораки од Владата на Република Сверна Македонија.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

4. Во врска со заклучокот под реден број 10 од Главниот координативен кризен штаб, одржан на 30 март 2020 година, по однос на текстот на Предлог – уредбата со законска сила за финансирање на организирање и реконструкција на јавните површини во просторот на Клинички центар „Мајка Тереза“ Скопје за време на вонредна состојба, Министерството за финансии до одржувањето на седницата на Владата истата да ја преработи во форма на одлука за обезбедување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, со оглед дека овие финансиски средства се искористени наменски за справување со вонредната состојба и кризата со Коронавирусот.

5. До одржувањето на наредната седница на Владата, Министерството за здравство и Министерството за надворешни работи да направат проценка за тоа со какви ресурси во овој момент располага Република Северна Македонија (опрема и медицински персонал), а кои може веднаш да се дадат како помош на Република Италија.

6. Град Скопје да ја разгледа можноста за службите од ЈП Комунална хигиена Скопје, задолжени за чистење и собирање на отпадот, да го реорганизира нивното работење, со цел доаѓање на работно место пред почетокот на забраната и посебниот режим на движење, за потоа да започнат со извршување на работните теренски активности.

7. Министерството за здравство да склучи меморандум за соработка со Ветеринарниот факултет за користење на лабораторијата за молекуларна дијагностика при обработка на тестови за COVID-19, без надомест.

8. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги издава потврдите за лицата кои се спроведени во државен карантин.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

9. Објектите во кои се спроведени лицата во државен карантин, може да обезбедат и други услуги од својот капацитет во однос на храна и пијалоци, по барање на лицата сместени во објектите, на трошок на лицата.

10. Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да подготви и за наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб да достави Протокол за лица спроведени во државен карантин (по примерот за Општина Дебар).

11. Комисијата за заразни болести при Министертсвото за здравство да достави свое мислење и предлог во однос на тоа дали е потребно целосно да се затвораат влезовите и пристапите во одредени општини на територијата на Република Северна Македонија, со посебен режим на движење во овие населени места и на наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб да заземе став во однос на ова прашање.

12. Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за здравство, пред Комисијата за заразни болести да ги презентираат добиените понуди од софтверските компании наменети за справување со лицата кои се позитивни на COVID-19, со цел доставување на предлог за најсоодветно софтверско решение, а неговото имплементирање и користење да биде правно нормирано во соодветен акт.

13. Во текот на денешниот ден, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи да свика и одржи состанок на координативното тело за штабовите на единиците на локалната самоуправа.

14. Го разгледа Барањето за добивање помош/обесштетување, доставено од членовите на Постојна потсекторска група за цвеќе и украсни дрва и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

15. Го разгледа Барањето доставено од Министерството за труд и социјална политика, под бр. 11-2731/1 од 30.03.2020 година (за родители на деца кои се во работен однос и кои до периодот на настанување на вонредната состојба користеле породилно отсуство, а сега им завршува породилното отсуство и истите треба да почнат со одење на работа, но немаат поднесено барање за вклучување на нивните деца во градинка) и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, со цел на наредниот состанок Главниот координативен кризен штаб да заземе став по однос на доставеното Барање врз основа на предлогот од Министерството за здравство и Фондот.

16. Го разгледа Барањето доставено од општинскиот кризен штаб на Општина Гевгелија, под бр.08-586/5 од 30.03.2020 година и истото го достави на разгледување и понатамошно постапување до Царинската управа на Република Северна Македонија.

17. Го разгледа Барањето доставено од ДППТУ МАКАУС Благоја ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, под бр.03-49/1/20 од 27.03.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија.

18. Го разгледа Барањето доставено од Сојузот на стопански комори на Македонија, под бр. 0302-067-1/20 од 30.03.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за економија.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

19. Го разгледа Барањето доставено од Здружение за угостителство ТИКВЕШКИ УГОСТИТЕЛИ од с.Ваташа, Кавадарци, под бр. 01/3 од 30.03.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за економија.

20. Го разгледа Барањето доставено од Исламската верска заедница на Република Северна Македонија, под бр. 03-146 од 30.03.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за економија.

21. Го разгледа Барањето доставено од Јован Туртуров од Гевгелија, вработен во Министерството за внатрешни работи – БЈБ – СВР Струмица – ОВР Гевгелија – НК за КР Гевгелија и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за внатрешни работи.

22. Ги разгледа Барањата доставени од ТВ Канал 8 ДООЕЛ Кочани, под бр. 0307/3-20 од 30.03.2020 година, ТРД Топестрада ДООЕЛ, бр. 06/20 од 30.03.2020 година, ТВ Шутел ДООЕЛ, Скопје, ТРД ТВ К&М КИСС & МЕНАДА ДООЕЛ од Тетово, ТРД ТВ Кочани ДООЕЛ, под бр. 020-3/2 од 30.03.2020 годинаи истите ги проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерството за информатичко општество и администрација и до Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТ/ФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

23. **Го разгледа Барањето од Здружението на одгледувачи на овци „Даши“ од Дебар, доставено преку Центарот за управување со кризи и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со цел на наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб да се заземе став по однос на ова барање.**

24. **Го разгледа Барањето доставено од Општина Делчево, под бр. 08-670/1 од 25.03.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство.**

*

* *

**<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u>** немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

* *


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На седницата е воден записник.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТЕСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска Јанковска**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS